РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2016 година

Скопје, март 2017 година

ПРЕДГОВОР

Извештајот за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во понатамошниот текст: Комисија) во 2016 година, кој што е пред Вас, произлегува од законската обврска за поднесување годишен извештај до Собранието на Република Македонија, а ги одразува надлежностите утврдени во членот 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чие спроведување е надлежна Комисијата.

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од надлежностите на Комисијата и резултатите на нејзината работа и активностите во 2016 година.

Во извештајната 2016 година, Комисијата продолжи доследно да ги остварува своите законски надлежности со цел примена, заштита и унапредување на имплементацијата на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Годишниот извештај е составен од девет целини, во кои преку компаративни анализи, констатации и согледувања за остварувањата, заложбите и насоките за идното делување на Комисијата, преку нумерички и други показатели е прикажано имплементирањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2016 година од страна на сите иматели на информации, со истакнување на позитивните и негативните аспекти од извештајниот период.

Годишниот извештај е компониран во следниот распоред:

1. **Надлежности на Комисијата**, утврдени во член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

2. **Одлучување по жалби**, примарна законска надлежност на Комисијата, во која се опфатени податоци за бројот на жалбите поднесени против имателите на информации, преглед на решените предмети, детален опис на структурата и карактерот на жалбите, како и податоци за состојбата на предметите по тужби.

3. **Спроведување и искуства од примената на Законот**, каде е содржана констатацијата дека најчеста причина за поднесување на жалби од страна на барателите на информации е молкот на имателите, покрај тоа, овде се посветува внимание и на анализата на тестот на штетност.

4. **Листа на имателите на информации,** прецизна евиденција за бројот и дејноста на имателите на информации, за бројот на поднесени годишни извештаи од страна на одговорните лица, прикажаниот број на примени и одговорени барања, како и соработката со службените лица и нивниот пристап во обработката и пополнувањето на годишните извештаи.

5. **Јавност во работата,** промоција на материјата од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

6. **Веб локација на Комисијата,** транспарентно се објавуваат сите податоци поврзани со нејзината дејност и работење.

7. **Обуки и едукација,** даден е преглед за преземените активности кои се резултат на континуираната заложба за едукација и подигање на јавната свест на службените лица и информирањето на граѓаните.

8. **Меѓународна соработка,** во фокусот е остварената и договорената меѓународна и национална соработка преку потпишување на Меморандуми со сродни институции и поддржувачи на имплементацијата на Законот, заеднички активности со Европската Комисија преку Инструментот TAIEX.

9. **Администрација, човечки ресурси и буџет,** се однесува на кадровската екипираност и структурата на вработените во Секретаријатот на Комисијата, како и буџетска анализа.

ВОВЕД

Годишниот извештај за 2016 година претставува 11-ти Годишен извештај за работењето на Комисијата од донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во неговата содржина се елаборира степенот на имплементација на Законот, констатираните состојби, соодветна статистика, како и потенцирање на потребите за поуспешна примена.

Во текот на 2016 година до Комисијата беа доставени 619 жалби против одлуките, односно постапувањето на првостепените органи – иматели на информации. Споредбено со претходната година има значително намалување на поднесените жалби, што само по себе асоцира дека имателите на информации во извештајната година биле потранспарентни во работењето и ги доставувале бараните информации до барателите.

Поголемиот број жалби се доставени од здруженија на граѓани и фондации, но како и претходната година значаен дел од жалбите, односно повеќе од 25% се од физички лица. Ова е позитивен податок бидејќи интенција на Комисијата е ова право што повеќе и почесто да се користи од граѓаните.

Кога се спомнуваат барателите на информации би требало да се додаде дека Законот се почесто се користи од страна на новинарите за добивање на бараните информации, пред се во делот на истражувачкото новинарство.

Во споредба со претходната година кога Комисијата за 72% од вкупниот број поднесени жалби донела позитивна одлука за барателите, во извештајната 2016 година Комисијата многу повеќе одговорила позитивно на жалбите на барателите на информации, односно на 81% од жалбите е донесена позитивна одлука за барателите.

За разлика од претходните години кога значаен број на имателите на информации не доставуваа Годишен извештај за имплементацијата на Законот од нивна страна (пример: во 2015 година од вкупно 1278 имателите на информации Годишен извештај до Комисијата доставиле 898), во извештајната година состојбата е целосно променета во позитивна смисла. Имено, од вкупно 1259 имателите на информации Годишен извештај за примената на Законот до Комисијата доставија 1250 имателите, односно 99,28% од нив, додека законската обврска не е исполнета од само девет имателите или 0,72%. Овие податоци овозможуваат во извештајната година да имаме објективен преглед за практичната примена на Законот, што од друга страна ни овозможува да се насочиме кон идните чекори за подобрување на состојбите.

Својата законска обврска за преземање на активности за едукација на имателите на информации Комисијата ја исполни преку одржување на осум обуки на кои присуствуваа 125 службени лица од различни институции. Покрај тоа, со цел афирмација на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер Комисијата имаше учество на повеќе настани.

Комисијата посебно внимание посветува на меѓународната соработка, која истовремено претставува законска надлежност на Комисијата. Во таа смисла, на 28 Септември 2016 година беше организиран настан при што се одбележаа 10 години од основањето на Комисијата и Меѓународниот ден за слободен пристап до информации од јавен карактер. На овој настан од страна на Комисијата беа потпишани два Меморандуми за соработка, и тоа со Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија и Канцеларијата на УНДП во Република Македонија.

Покрај тоа, во текот на извештајната година беше потпишан Меморадум за соработка и со Советот за транспарентност и добро владеење од Шпанија.

Со цел поуспешно остварување на својата улога, согласно законските надлежности, Комисијата има потреба од квалитативно кадровско доекипирање, како и посилна буџетска поддршка како би можела подобро да пристапи кон јакнење на развојната страна во работењето.

Извештајот веродостојно и аргументирано ја отсликува работата на Комисијата во сите сегменти на нејзините законски надлежности и на објективен начин ги презентира остварувањата и резултатите.

Со почит,

Скопје, март 2017 година

1. Надлежности на Комисијата

Комисијата е составена од претседател, заменик на претседателот и три члена кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од 5 години, со право на повторен избор. Во моментот Комисијата функционира со претседател, заменик на претседател и еден член.

Комисијата работите од својата надлежност, како независно колегијално тело, ги врши на седници.

Комисијата е независен државен орган кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени во член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер:

- одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации;

- се грижи за спроведување на одредбите од овој Закон;

- подготвува и објавува листа на иматели на информации:

- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации;

- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат;

- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;

- дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на Буџетот на Република Македонија;

- донесува Деловник за својата работа;

- подготвува Годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија;

- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија,

учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;

- донесува акти со кои го уредува начинот на работата и организацијата на Комисијата;

- врши промоција на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и

- врши и други работи утврдени со овој и друг Закон.

2. Одлучување по жалби

Комисијата одлучува по жалбите поднесени против решенијата и заклучоците на имателите на информации и по жалбите поднесени кога имателите не постапиле по барањата за пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок, односно кога има молчење на администрација.

Право на жалба, согласно Законот, има барателот кој поднел усно барање, писмено барање или барање во електронски запис за пристап до информации од јавен карактер.

Жалбата согласно Законот може директно да се поднесе до Комисијата, или ако се примени Законот за општата управна постапка жалбата може да се поднесе и преку имателот на информации. Доколку жалбата директно е доставена до Комисијата таа веднаш по добивањето ја препраќа до имателот на информацијата, кој во рок од 7 (седум) дена треба да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Во споредба со 2015 година кога до Комисијата беа поднесени **960** жалби, во извештајната 2016 година се забележува значително намалување на бројот на изјавени жалби- **619** од страна на барателите на информации.

Состојбата на поднесените жалби од страна на барателите на информации по месеци е следна: во месец јануари се поднесени -**44** жалби, февруари -**34**, март -**29**, април -**7**, мај -**51**, јуни -**16**, јули -**25**, август -**92**, септември -**197**, октомври -**71**, ноември -**32** и во месец декември 2016 година -**21** жалба.



Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци

Од вкупниот број на жалби, **186** се изјавени од физички лица, додека **433** жалби од здруженија на граѓани и фондации, од кои поголемиот дел се поднесени во месец август, септември и октомври и тоа од Здружението ХОПС-Опции за здрав живот, Скопје и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените- ЕСЕ, Скопје.

Графикон 2: Број на поднесени жалби

Од горенаведените податоци може да се заклучи дека невладините организации и понатаму најмногу го користат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Бројот на **411** поднесени жалби поради молчење на имателите на информации покажува дека, исто како и во претходните години, е доминантен во однос на останатите жалби. Тоа укажува на фактот дека имателите на информации и понатаму не го почитуваат законски предвидениот рок од 30 дена за одговор на барањата.

Против одговор-известување на имателите на информации, барателите на информации поднеле **119**, следат **71** жалба поднесени против решенија на имателите на информации за одбивање на пристапот до бараната информација и **18** жалби против заклучок на имателите на информации.



Графикон 3: Компаративни податоци на поднесени жалби по години

2.1. Решени предмети и нивна структура

Комисијата во текот на 2016 година одржа **35** седници и по спроведената постапка по жалби донесе **269** решенија и **322** заклучоци, додека **28** жалби беа пренесени за постапување во 2017 година, поради тоа што беа поднесени пред истекот на годината.

Во однос на решените предмети и нивната структура, состојбата е следна:

- **145** решенија со кои жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

- **60** решенија со кои жалбата се одбива како неоснована;

- **35** решенија со кои жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган со укажување за натамошно постапување;

- **27** решенија со кои жалбата се отфрла како недопуштена;

- **2** решенија со кои жалбата во дел се одбива, а во дел од Барањето се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

- **272** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради доставување на бараната информација;

- **50** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради повлекување на жалбата.

Комисијата, исто така, постапи и по **25** жалби пренесени од **2015** година, (кои беа поднесени пред истекот на годината) и донесе **23** решенија и **2** заклучоци.

Графикон 4: Решени предмети и нивна структура

Од горенаведените податоци може да се заклучи дека Комисијата во најголемиот број на жалби позитивно се изјаснила во корист на барателите на информации и донела **145** решенија со кои жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација, **272** заклучоци за запирање на постапката поради доставување на бараната информација, **50** заклучоци за запирање на постапката поради повлекување на жалбата и **35** решенија со кои жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган со укажување за натамошно постапување.

Од ова произлегува дека Комисијата во **81%** во однос на вкупниот број поднесени жалби донела позитивна одлука за барателите, но сепак барателите во поголемиот број на случаи ги добиле бараните информации после законски предвидениот рок и со посредство на Комисијата, што пак упатува на констатација за неспроведување на постапката по барањата согласно роковите предвидени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

2.2. Жалби поднесени против имателите на информации

Податоците на Комисијата покажуваат дека жалбите кои се доставени до Комисијата се изјавени против:

- Државни институции- **350**
- Здравствени установи- **70**
- Судска власт- **32**
- Општини- **70**
- Образовни институции- **28**
- Јавни претпријатија и установи- **37**
- Правни и физички лица кои вршат јавни овластувања- **25**
- Правни субјекти кои не се имателиинформации- **7**



Графикон 5: Жалби поднесени против имателиинформации

Ако се направи споредбена анализа по однос на бројот на **7365** поднесени барања со бројот на **619** изјавени жалби во 2016 година, произлегува дека имателите на информации се потранспарентни во давањето на информации од јавен карактер и во значително поголемиот број одговориле на барањата на барателите на информации.

Ова се потврдува и со фактот што од **2174** барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени до државните институци, барателите изјавиле **350** жалби, до општините се поднесени **2374** барања, по кои има поднесени **70** жалби, од поднесените **633** барања до здравствените установи, изјавени се **70** жалби, до судската власт барателите на информации поднеле **842** барања, а поднесени се **32** жалби. Во образовните институции беа архивирани **549** барања, а до Комисијата имаше изјавени **28** жалби, во споредба со **636** поднесени барања до јавните претпријатија и установи, до Комисијата изјавени се **37** жалби и по однос на **157** барања поднесени до правните и физички лица кои вршат јавни овластување, бројот на поднесени жалби е **25**.

2.2.1 : Карактер на поднесени жалби

Претходните показатели укажуваат дека последниот извештаен период резултира со значително помал број поднесени жалби, во однос на претходната година, вклучувајќи во нив и седум случаи на поднесени жалби против правни лица кои не се имател на информации.

Според податоците со кои располага Комисијата, во извештајната година најмногу жалби се поднесени против:

- Министерство за труд и социјална политика;
- Јавни здравствени установи;
- Министерство за образование и наука;
- Јавни претпријатија;
- Министерство за финансии;
- Општина Кривогаштани

Евидентно е дека и покрај извршените бројни обуки и работилници наменети за одговорните и службените лица кај имателите на информации (Комисијата ги организираше во нејзините простории и преку ИПА-проектот Support to access to right on protection of personal data Europe Aid

135668/IH/SER/MK во неколку регионални и општински центри во Република Македонија), повторно како најчеста причина за поднесување на жалби до Комисијата се наведува молкот на администрацијата, односно непостапувањето на имателите на информации во законски определениот рок за одговарање по барањата за пристап до информации од јавен карактер (вкупно 411). Жалби се поднесувани и поради незадоволство на барателите од добиени одговори и известувања од имателите на информации (119), како и против добиени решенија за одбивање на пристапот до бараните информации и против заклучоци за прекинување на постапката (71).

Во текот на 2016 година најголемиот број на жалби (433) до Комисијата се поднесени од страна на здруженија на граѓани и фондации, меѓу кои предничат Здружението ХОПС-Опции за здрав живот - Скопје, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ Скопје, Центарот за граѓански комуникации - ЦГК и Транспаренси Интернешнл. Во нивните жалби е наведено дека не е одговорено на нивни барања кои содржат прашања во врска со анализи и статистики за извештајни периоди од пет години до цела деценија.

Во не мал број и од 186-те поднесени жалби од физички лица, исто така, занемарувајќи ги одредбите на Законот, граѓаните се жалат на недобиени одговори на поставувани прашања, или на барања да добијат новосоздадени документи. Како куриозитет, еден жалител нагласува дека имателот на информации не му одговорил на негово Барање за пристап до информации, кое содржи дури 50-тина прашања, меѓу кои мнозинството се однесуваат на барања за толкување на законски норми.

Во жалбите е прикажано незадоволство на жалителите од постапувањето на имателите на информации во врска со барања кои генерално се однесуваа на:

- информации за извршени јавни набавки;
- огласи за избори и именувања;
- листи на информации за странски инвестиции;
- број на лица опфатени со лекување преку различни проекти;
- број на апликанти и добитници на средства од ИПАРД-програмата;
- износ на бруто и нето плата на државни функционери и членови на совети;

- исплатени патни и други трошоци на раководни лица и членови на комисии и други тела;
- увид и фотокопии од документи;
- статистички податоци од работата на основни јавни обвинителства;
- статистички податоци од работата на виши јавни обвинителства;
- документи од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија и подрачните единици;
- податоци за плати и надоместоци на вработените во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите – Скопје;
- број на систематски прегледи на деца, млади и други лица неопфатени во образовниот систем;
- информации за износ и сметки на кои се префрлани средства од наплатата на акцизи за алкохол и цигари;
- статистика на таргетирана група деца и млади кои завршиле одреден степен на образование;
- број на вработени во одредени институции;
- колку средства општините издвоиле за невладини организации и друго.

2.2.2. Состојба на предмети по тужби

Според евиденцијата на Комисијата, против конечни одлуки на Комисијата во 2016 година беа поднесени вкупно **12** тужби за поведување управни спорови и тоа:

- **11** тужби од физички лица и
- **1** тужба од приватно претпријатие.

Од вкупно **12** тужби поднесени до Управниот суд за поведување управен спор:

- **2** тужби се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- **8** тужби се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбата се одбива како неоснована, и
- **2** тужби се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбата се отфрла како неоснована.

Комисијата постапи по сите поднесени тужби и достави одговор до Управниот суд.

Управниот суд постапи по една Тужба и донесе Пресуда со која Тужбата на тужителот се одбива како неоснована.

По останатите 11 Тужби, Управниот суд до Комисијата се уште нема доставено пресуди.

Ако се спореди вкупниот број на поднесените Жалби во 2016 година кој изнесува **619**, по кои Комисијата донесе **269** Решенија и **322** Заклучоци, а **28** жалби беа пренесени за постапување во 2017 година, со бројот на поднесени Тужби може да се заклучи дека **98%** од донесените решенија и заклучоци не се оспорени, додека само за **2%** од нив се поведени управни спорови.

3. СПРОВЕДУВАЊЕ И ИСКУСТВА ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ

Според член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, една од надлежностите на Комисијата е да одлучува по жалби поднесени против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на инфомации.

Од досегашната пракса на Комисијата, може да се констатира дека најголем број на Жалби се поднесени поради "молчење на администрацијата" што како проблем и понатаму е присутен во работата на Комисијата. Овој податок говори дека имателите се уште не го спроведуваат Законот во целост. Дека се работи за нецелосно спроведување на Законот од страна на имателите на информации од јавен карактер, односно за нивно непостапување по барањата согласно роковите предвидени во Законот, зборува и фактот дека по поднесувањето на жалбите имателите ја доставуваат бараната информација до барателот.

Кај поголем број на имателите на информации оваа состојба е надмината, но според податоците со кои располага Комисијата сепак молчењето и понатаму е најголемата причина поради која барателите поднесуваат жалби до Комисијата.

Доколку пак имплементацијата на Законот, односно бројот на поднесени и одговорени барања се анализира врз основа на податоците од Годишните извештаи кои имателите на информации еднаш годишно ги доставуваат до Комисијата, може да се констатира дека има доследна примена на Законот, што може да се потврди од само неколку примери.

Според Годишните извештаи доставени до Комисијата во текот на 2016 година, до судската власт биле доставени 842 барања, а до Комисијата против судската власт се евидентирани 32 жалби. До јавните претпријатија и установи биле доставени 636 барања, а до Комисијата против истите се поднесени 37 жалби. До здравствените установи биле поднесени 633 барања, а до Комисијата против истите се поднесени 70 жалби.

Како проблем кој покрај "молчењето на администрацијата" и во 2016 година е присутен при имплементацијата на Законот е т.н. "тест на штетност". И покрај присуството на службените лица за посредување со информации од јавен карактер на обуките спроведени од страна на Комисијата, спроведувањето на „тестот на штетност", тешко се имплементира во пракса. Имателите на информации само формално го спроведуваат, односно го наведуваат во решенијата, без да ги образложат реалните мерливи штетни последици, што всушност е суштина на тестот на штетност. Често се повикуваат на исклучоците од Законот, особено на

класифицирани информации, но најчесто без издржано образложение и без спроведен тест на штетност.

Укажуваме уште на една недоследна примена на Законот. Според постојната законска регулатива имателот на информацијата ја дава во бараната форма, освен ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, за што имателот на информацијата ја образложува причината за ваквиот начин на доставување. Но, и покрај тоа што информацијата е побарана во фотокопија, имателите на информации ги упатуваат барателите на информации истата да ја најдат на веб страницата на имателите, без да ја образложат причината за ваквиот начин на постапување.

Исто така, продолжува досегашната пракса на имателите на информации да вршат честа промена на службените лица, а за истото да не ја известуваат Комисијата, па оттука податоците за одредени службени лица кои Комисијата ги објавува на веб страницата не секогаш одговараат на фактичката состојба.

За надминување на наведените недоследности во врска со применувањето, односно неприменувањето на Законот Комисијата смета дека е потребно да се продолжи со обуките кои континуирано ги спроведува. Поголем акцент да се стави на обуки за функционери и раководни лица, а не само на обуки за службени лица, затоа што досегашната пракса покажа дека во најголем број случаи спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно навременото постапување по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедување на пристапот до бараната информација зависи од функционерот или раководното лице, а не од службените лица.

Во прилог на ваквото постапување на Комисијата, односно во начело примена на превентивни мерки е и оценката на дводневната Работилница одржана на 29 и 30-ти ноември 2016 година, во Скопје, на која учествуваа и ги пренесоа своите искуства експерти од земјите членки на Европската унија: Шкотска, Германија, Естонија, Шпанија и Словенија. Работилницата беше во организација на TAIEX – Инструментот на Европската Комисија за техничка поддршка и размена на информации, а во соработка со Комисијата.

Од компаративните споредби направени помеѓу земјите учеснички на оваа Работилница беше констатирано дека, во однос на остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер тие во преден план ги стават превентивните мерки, опомена, укажување и разни други советодавните мерки, додека санкции речиси воопшто не изрекуваат.

Иако во надлежностите на Комисијата се наведува дека Комисијата "се грижи за спроведувањето на овој Закон", Комисијата како независен државен орган, нема право да врши надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и да води прекршочна постапка, како што е тоа случај со другите регулаторни тела во државата.

За непостапување на имателот на информацијата во законски предвидениот рок е предвидена прекршочна одредба, според која за прекршоците утврдени со овој Закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд. Пред поднесувањето на барањето за прекршочна постапка се врши порамнување согласно Законот за прекршоци.

4. ЛИСТА НА ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ

Раководејќи се од фактот дека Листата на иматели не е конечна, односно дека согласно Законот може да трпи измени, Комисијата перманентно ја ажурираше вршејќи бришење или дополнување секогаш кога постоеше аргументирана потреба за тоа, со што бројот на евидентирани иматели во 2016 година изнесува **1259.**

Како последица на бришењето на имателите кои во меѓувреме престанале да работат, заминале во стечај, го загубиле статусот на правно лице, или пак лиценците за работа, помал број иматели од претходно се содржани во делот од Листата со јавните претпријатија и установи со **277** иматели, односно во линкот правни и физички лица, каде што нивниот број изнесува **34.**

Поради споменатите причини, од Листата на иматели во 2016 година се отстранети водостопанските претпријатија во Република Македонија кои со формирањето на А.Д. Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост прераснаа во негови подружници, без својство на правно лице. Од Листата, исто така, се избришани и Топлификација А.Д., Друштвото за снабдување со топлинска енергија Запад ДООЕЛ Скопје, Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, Снабдување Центар ДООЕЛ Скопје, како и имателот Снабдување Исток ДООЕЛ Скопје. Во извештајната 2016 година од Листата на иматели отстранети се уште и ЈПКД „Водовод„ од Богданци, Работничкиот универзитет од Кавадарци, Акционерското друштво Охис „Наум Наумовски-Борче" од Скопје, А.Д. за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС„-Скопје, како и Акционерското друштво „ЕМО„ од Охрид.

За разлика од извештајната 2015 година, проширена е Листата во делот со образовни институции, така што нивниот вкупен број достигна **544.** Како нови иматели во 2016 година се евидентирани ЈОУДГ „Ѕвездички“-Чешиново-Облешево, ЈОУДГ „ Гоце Делчев “ Илинден, ЈОУДГ „Сонце„–Ново Село, ЈОУДГ „ Прва радост“–Василево, ЈОУДГ„Праскичка“–Росоман, ЈОУДГ „Авионче“-Петровец, Општинското основно училиште „Раметула Амети“ од с.Чифлик, како и Универзитетот „Мајка Тереза“ од Скопје.

Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија е новоевидентиран имател во линкот судска власт, чиј што вкупен број на крајот од 2016 година изнесуваше **84**.

Непроменет е бројот на иматели во линковите со државни институции **(126)**, здравствени установи **(112)**, како и кај општините во Република Македонија **(82)**.

Графикон 6: Листа на иматели на информации од јавен карактер

4.1. Содржина на годишни извештаи:

Поднесените барања до имателите зависно од нивната дејност, имаат различен карактер и третираат проблематика од сите сфери на општественото живеење.

Сепак, од поголем број институции побарани се податоци поврзани со јавните набавки или со спроведени тендерски постапки, располагање со буџетски средства, инвестиции и реализација на капитални проекти. Повеќе извештаи содржат барања кои се однесуваат на фотокопии од правилници, акти за организација или систематизација на работни места, одлуки за избор и назначување на членови во управни одбори, или пак барања за увид во статусни, стратешки или развојни документи. Чести се и барањата за увид во документација за спроведени постапки за вработување, за распределени субвенции или пак за информации за животната средина, постапки за управување со отпад, како и за информации од комуналната сфера, областа на урбанизмот, сообраќајот, издадени или усвоени документи, дозволи или решенија, проектни и промотивни кампањи.

Исто така, од имателите се барале увид во решенија од најразлични комисии, записници од редовни и вонредни инспекциски надзори, документи од имотно правни постапки, податоци за број на вработени млади преку мерките за ослободување од плаќање на придонеси, број на невработени млади лица до 30 години по разни основи, број на активни и пасивни баратели на работа, како и податоци за структурата на вработените во администрацијата.

Во еден дел од поднесените извештаи се содржани барања за бројот на полнолетни млади луѓе до 30 години кои поднеле барање за слободен пристап до информации, потоа за висината на стапката на сиромаштија кај еднородителски семејства на територијата на Скопје, барања за бројот на деца надвор од образовниот систем откриен преку теренски посети на патронажни служби, како и за тоа колкав е бројот на стоматолошки систематски прегледи извршен на неосигурени лица на возраст од 7 до 18 години.

4.1.1. Годишни извештаи на имателите:

Во извештајната 2016 година, Комисијата го регистрира апсолутно најголемиот број на доставени годишни извештаи од стартот на имплементацијата на Законот. Од вкупно **1259** институции, органи, установи и правни и физички лица евидентирани на Листата на имателите, до Комисијата годишни извештаи доставија **1250** имателите или **99,28%**. Девет или само **0,72%** од евидентираните имателите на листата не ја испочитуваа законската обврска и не поднесоа извештај за имплементацијата на Законот во предвидениот рок. Во вкупната бројка примени извештаи се вброени и четири нецелосни или погрешно пополнети извештаи, поради што содржаните показатели во нив не се составен дел од овој Годишен извештај.

Графикон 7: Број на Годишни извештаи

Законската обврска да достават Годишен извештај, стопроцентно ја испочитуваа службените и одговорните лица на **84-те** институции од сферата на судската власт, **82-те** општини вклучително и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, како и на **112-те** здравствени установи. Од вкупно евиденитрани **126** државни институции, годишни извештаи во законскиот рок доставија **125**, што повторно претставува речиси стопостотна

имплементација кога е во прашање овој дел од законските одредби. Ист е случајот и со имателите од линкот правни и физички лица, каде **33** од вкупно **34-те** евидентирани иматели доставија годишни извештаи.

Три од вкупно **544-те** институции од сите степени на образование не доставија годишен извештај во законскиот рок, додека четири институции од евидентираните **277** јавни претпријатија и установи не постапија согласно Законот.

Анализата и обработката на пристигнатите извештаи, исто така, укажуваат и на рекорден број барања поднесени до имателите во десетгодишното спроведување на Законот, односно **7365**. Институциите одговориле позитивно на **7073** од нив, додека пристапот до **211** барања бил одбиен по основ на исклучоците од слободниот пристап и согласно други законски прописи.

Графикон 8: Постапка по барања

Од годишните извештаи произлегува и податок дека **81** барање кое било доставено до одделни имателикон крајот на 2016 година е пренесено за постапување во 2017 година. Во годишните извештаи институциите информираат и за **294** вложени жалби од кои Комисијата усвоила **142.**

Имателите, исто така, презентираат податок за **79** преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата, а прикажуваат и **52** одбиени жалби од нејзина страна. Во извештаите се регистрирани податоци

за **22** отфрлени жалби од Комисијата, **5** поведни управни спорови против конечната одлука на Комисијата како и за **1** судска одлука со која тужбата на барателот е позитивно решена.

Како резултат на најголемиот број доставени годишни извештаи од имплементирањето на Законот, за сите групи иматели, освен за институциите од образовната дејност, карактеристичен е зголемен број на поднесени барања. Најмногу барања, односно **2374,** биле доставени до општините, додека државните институции по основ на законот примиле **2174** барања.

Графикон 9: Број на поднесени барања до имателите

Службените лица во институциите од сферата на судската власт имале обврска да одговорат на **842** барања, додека лицата задолжени за посредување со информациите од јавен карактер во јавните претпријатија и установи требало да постапат по **636** поднесени барања. До здравствените установи биле поднесени **633** барања, а службените лица на образовните институции се соочиле со **549** барања. Во календарската 2016 година, правните и физичките лица кои вршат јавни овластувања архивирале **157** поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер.

Во продолжение следува компаративна анализа која се однесува на бројот на имателите, применените извештаи, поднесените и одговорените барања.



Графикон 10: Споредбен преглед од почетокот примената на Законот

4.1.2. Соработка со службени лица кај имателите:

Комисијата настојуваше да воспостави или да ја продлабочи соработката со службените лица. Конкретната цел за добивање на нумерички и други показатели и податоци за имплементацијата на Законот во 2016 година, со оглед на пристигнатите извештаи од речиси сите евидентирани имател, во буквална смисла на зборот е стопостотно реализирана.

Согласно мерката 14 од имплементацијата на ЦАФ моделот, Комисијата пред истекот на 2015 година до имателите дистрибуираше Прашалник во функција на прибирање на мислење од службените лица за нивното познавање и спроведување на Законот, како и за мерење на задоволството од работата на Комисијата. Повратните одговори во најголем дел беа собрани во периодот од 1 до 31 јануари 2016 година, а имателите ги доставија во прилог на Годишните извештаи. Добиените резултати беа искористени за интерна анализа во Комисијата, која меѓу другото придонесе за поуспешно и поефикасно спроведување на фазите на прибирање и обработка на годишните извештаи.

Во овој контекст, во извештајната година до имателите беа дистрибуирани две строго наменски Ургенции. Првата беше доставена до одговорните и службените лица на институциите кои немаа доставено извештај за 2015 година, со укажување на законските одредби предвидени во случај на непочитување на Законот. Втората Ургенција по електронски пат, циркуларно беше доставена до сите имател од кои беше побарано да ги ажурираат податоците за институциите, односно службените лица. До службените и одговорните лица на 268 имател за чии што мејлови постоеше сомневање дека се непрецизни или надвор од употреба, Ургенцијата беше доставена и по пошта.

Постапувајќи по Ургенцијата, одделни имател доставија акт за назначување на вкупно **144** службени лица од кои **129** беа ново назначени, додека за **15** лица кои и дотогаш посредувале со информациите, беше издадено ново Решение.

Комисијата пред истекот на 2016 година до имателите дистрибуираше и Потсетник за доставување на Годишен извештај од нивна страна. Оттогаш па се до истекот на законскиот рок за доставување на извештаите, функционираше отворена телефонска линија на која службените лица можеа да се консултираат за сите дилеми и нејаснотии околу пополнувањето на извештајот.

По едногодишен прекин на востановената пракса, Општина Велес во прилог на својот извештај до Комисијата повторно ги достави претходно собраните извештаи од институциите кои се во нејзина надлежност, поттикнувајќи ја и самата отчетноста и транспарентноста кај тие имателi.

4.1.3. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности:

Извештаите на четири институции се нецелосни и како такви не беа земени во предвид при изготвувањето на Годишниот извештај на Комисијата. Во извештаите на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа од Куманово и Основното училиште "Рилиндја" од с.Лојане се содржани податоци за **5536,** односно за **29** примени барања, кои не се согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку се барања пред се од нивната дејност и службената кореспонденција и преписка со други институции. Спротивен на законските одредби е и извештајот на Министерството за економија, во кој е наведен бројот на примените и одговорените барања, но од приложениот извештај и содржаните нумерички показатели е невозможно да се утврди дали имало одбиени барања и колкав бил нивниот број.

Извештајот на Средното општинско училиште "Методи Митевски-Брицо" од Делчево има формален, но воедно и суштински недостаток бидејќи е без потпис на одговорното лице, како и без архивски број односно печат на институцијата. И покрај укажувањето да постапи согласно Законот, имателот не достави корегиран извештај.

5. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Комисијата низ различни форми на делување ја промовираше културата на отвореност и отчетност на институцијата во календарската 2016 година.

Со пригоден настан кој се одржа на 28-ми Септември во City hall во Скопје, Комисијата го одбележа 10 годишниот јубилеј од своето основање, а воедно даде и конкретен придонес во одбележувањето на Меѓународниот ден за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кој се одвива под мотото „Имам право да знам".

Во функција на подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на студентите со Законот и поттикнување на развојот на слободниот пристап до информации во областа на високото образование,

меѓу Комисијата и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје беше потпишан Меморандум за соработка.

Комисијата во рамки на советувањето на тема „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, одржа предавање за службени лица кои постапуваат по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер од обвинителствата од сите апелациони подрачја во Република Македонија.

Комисијата партиципираше во работата на Конференцијата „Отворено владино партнерство-дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2016-2018″, во организација на проектот ТАКСО (Техничка поддршка за граѓанските организации) и Министерството за информатичко општество и администрација.

Комисијата учествуваше на Работилница на тема „Промоција на двете права –Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и правото на заштита на личните пододоци, во рамки на ИПА проектот „Поддршка за пристап до правото на заштита за лични податоци“ на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Комисијата на покана на Македонскиот центар за меѓународна соработка, учествуваше на Конференцијата “Отворени податоци за трошење на јавните средства-искуства од регионот и состојбата во Македонија“.

Комисијата зеде учество во активностите на работни групи, на Работилницата за ревизија на НПАА 2017, во Охрид.

Комисијата присуствуваше на отворањето на конкурсот за „Награда од Европската унија за истражувачкото новинарство“, во ЕУ-Инфоцентарот во Скопје.

Комисијата учествуваше на јавен настан на тема „Пристап до информации и заштита на личните податоци-можности и предизвици“, во организација на Аналитика, институција за истражување на јавните политики и „тинк-тенк„ организација.

Комисијата усвои 16 процедури и други потребни документи подготвени во соработка со консултантската куќа „Нет Бит„ од Скопје, кои се употребуваат во имплементација на основните, управувачките и помошните процеси за воведување на системот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008 (QMS – guality management system). Комисијата ги усвои и Мисијата и Визијата, но со оглед на стапувањето на сила на измените, односно транзицијата на ISO 9001:2008 во новата верзија ISO 9001:2015, прво ќе се имплементира и овој чекор, а потоа ќе се пристапи кон спроведување на надворешен„аудит“, односно проверка од страна на

овластено тело на исполнетоста на барањата на меѓународниот стандард, заради здобивање на соодветен сертификат.

6. ВЕБ ЛОКАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА

За да се зголеми информираноста кај барателите и имателите, Комисијата продолжи со тековно и навремено ажурирање на веб страницата www.komspi.mk, на информации, извештаи и други содржини, за реализираните и претстојни активности. Со посебно внимание се освежуваше и дополнуваше Листата на имателиˌ зависно од пристигнатите дописи за настанати промени на службени лица или податоци за институцијата.

Продолжи праксата по секоја седница на Комисијата интегрално и анонимизирано да се објавуваат решенијата и заклучоците донесени од страна на Комисијата, со што граѓаните и граѓанските здруженија кои поднеле жалба, на најбрз начин можеа да се запознаат со одлуките во врска со предметите од нивен интерес.

На веб порталот, на видно место беше поставен визулен приказ на содржината на Мисијата, односно Визијата на Комисијата.

На увид на јавноста, исто така, беше поставена и Програмата за работа на Комисијата за 2016 година, во која се содржани сите планирани и утврдени активности за промоција и имплементација на Законот.

Обрасците од делокругот на работењето на Комисијата, освен во pdf, се напоредно поставени и во word верзија, со што на корисниците на веб порталот им е овозможено директно да ги пополнуваат саканите формулари, што се покажа како мошне ефикасна алатка од практична гледна точка.

По усвојувањето од страна на Собранието на Република Македонија на Годишниот извештај за работата на Комисијата за 2015 година, овој документ беше поставен на веб локацијата и е достапен за увид на јавноста.

Во 2016 година веб локацијата на Комисијата беше посетена вкупно 79.004 пати, со што вкупната посета на содржините од воспоставувањето на сајтот достигна **584.473** прегледи.

7. ОБУКИ И ЕДУКАЦИЈА

Комисијата и во текот на 2016 година продолжи со одржување на обуки на службени лица кај имателите на информации. Во просториите на Комисијата беа одржани 8 обуки, на кои присуствуваа 125 новоназначени службени лица од различни институции кои не посетувале ваква обука, а директно учествуваат во спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Целта на обуките беше подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на имателите на информации со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и обврските за имателите кои произлегуваат од него.

Комисијата и во 2016 година ја продолжи соработка со Академијата за судии и јавни обвинители која ја воспостави во 2011 година, со склучувањето на Меморандумот за соработка. Во тие рамки во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители беше одржана обука на тема " Слободен пристап до информации од јавен карактер". На обуката присуствуваа 19 учесници од обвинителствата од сите апелациони подрачја, кои постапуваат по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Посебен интерес кај присутните на овие обуки предизвика дискусијата во однос на примената на членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кој се регулирани исклучоците од слободниот пристап, со посебен акцент на личните податоци и класифицираните информации. Исто така, голем интерес предизвика т.н "тест на штетност", кој е задолжителна постапка при постапувањето по барањето на информација, која согласно горенаведениот член претставува исклучок, по што може да биде донесено решение за одбивање на барањето или овозможување на пристап до бараната информација. На крајот на обуките заеднички беше констатирано дека, во иднина на вакви обуки повеќе внимание треба да се посвети на примери за правилна практична примена на Законот, односно негова имплементација.

Комисијата ја продолжи и соработката со високообразовните институции која ја воспостави во текот на 2014 година, на подрачјето на заштитата на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во тие рамки беше одржана обука на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје со цел подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на студентите со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Комисијата и во овој календарски период во континуитет и со посебна посветеност продолжи да го спроведува, заштитува и овозможува правото за слободниот пристап до информации од јавен карактер во системот на Република Македонија.

Во 2016 година Комисијата користејќи ги меѓународните стандарди и практики, учествуваше во ИПА 2012 проектот „Поддршка за пристап до правото за заштита на личните податоци" со креирани активности кои имаат

цел унапредување на институционалните капацитети, ефективно спроведување на нормативата и подобрена отчетност и транспарентност на институциите.

Комисијата ја продолжи и продлабочи соработката со Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија и воспостави нови партнерства со Канцеларијата на УНДП во Република Македонија и со Советот за транспарентност и добро владеење од Шпанија, со кои потпиша Меморандуми за соработка, овозможувајќи проширување на соработката согласно европските трендови во однос на слободниот пристап до информации од јавен карактер и создавање на проектни активности за долгорочна одржливост.

8.1. ИПА Проектна активност

Комисијата е учесник во реализација на Активност 8 " Балансот помеѓу правото за пристап до информации од јавен карактер и заштита на личните податоци" од **ИПА 2012 Проект „Поддршка за пристап до правото за заштита на личните податоци",** чиј директен корисник е Дирекцијата за заштита на личните податоци. Во оваа календарската година, 2 (две) подактивности од активност 8 отпочнаа со реализација.

- Активност 8.1 Организирање и спроведување на заеднички работилници (за истата се организираа низ земјата 3 (три) дводневни регионални заеднички работилници / јавни форуми во однос на балансот помеѓу правото за пристап до информации од јавен карактер и заштита на личните податоци).
- Активност 8.2 Спроведување на заеднички активности за промоција на двете права со цел приготвување на материјал за подготовка на Прирачници за промоција на двете права.

Главната цел на Активност 8 е да се подигне свеста и промоција на двете права на поширокаата јавност (заштита на личните податоци и пристап до информации од јавен карактер) со цел, како што е наведено во ToP-от, да се подобри рамнотежата помеѓу правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и заштитата на личните податоци ".

8.2. TAIEX апликации

На почетокот од 2016 година Комисијата изготви неколку TAIEX апликации за кои доби позитивен одговор. Дел од апликациите беа реализирани во 2016 година, а дел ќе бидат реализирани во 2017 година.

Во текот на овој календарски период во организација на TAIEX – Инструментот на Европската Комисија за техничка поддршка и размена на информации, а во соработка со Комисијата, на 29 и 30-ти ноември во Скопје се одржа дводневна Работилница на тема „Интеракција на слободниот пристап до информациите со личните податоци и класифицираните информации“.

На оваа работилница, покрај искуствата од преставници од Комисијата, Дирекцијата за заштита на личните податоци и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, беа пренесени и искуства од 5 (пет) експерти од земјите членки на Европската унија - Шкотска, Шпанија, Естонија, Германија и Словенија.

На оваа интерактивна работилница беа разработени повеќе теми, од кои како приоритетни се издвојуваат следните: дали политичките партии се иматели на информации во горенаведените земји, класификацијата на информациите, инспекцискиот надзор, изрекувањето на прекршочните санкции за неспроведување на законот, личните податоци во однос на слободниот пристап и слично.

Од дискусиите по горенаведените теми може да се заклучи дека во земјите учеснички на оваа Работилница политичките партии воглавно, не се иматели на информации од јавен карактер. Во однос на спроведувањето на надзор беше констатирано дека не применуваат прекршочни санкции, како ни парични казни, туку во начело применуваат превентивни мерки и повеќе едукација за подигнување на свеста на имателите на информации за поголема отвореност и транспарентност.

8.3. Тековни активности, посети и процеси

8.3.1.Одбележување на 10 годишнината од основањето на Комисијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер

Во наведениот календарски период беше одбележана 10 годишнината од имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија.

Со пригодна свеченост во Скопје на 28-ми Септември 2016 година, беше одбележан јубилејниот настан 10 годишнина од формирањето на Комисијата, а воедно беше одбележан и Меѓународниот ден на слободниот пристап до информации од јавен карактер, кој ширум светот се одбележува под мотото „Имам право да знам“.

Покрај многубројните соработници и гости, на настанот свои обраќања имаа претседателот на Собранието на Република Македонија, г-дин Трајко Вељаноски, заменик – министерот за правда, г-ѓа Билјана Бришкоска – Бошковски, амбасадорката Нина Суомалаинен, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, г-ѓа Луиза Винтон, Постојан претставник на Канцеларијата на УНДП во Република Македонија и г-дин Јаромир Левичек, од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

Комисијата со поддршка од своите соработници и долгогодишни партнери ја реализира горенаведената активност за која беа подготвени пригодни промотивни материјали.

На настанот кој беше медиумски покриен, Комисијата потпиша Меморандум за соработка со претставниците на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија и Меморандум за соработка со Канцеларијата на УНДП во Република Македонија.

8.3.2. Гостување и учество на претставник од Комисијата на Регионална конференција на тема “Пристап до информации и Отворени податоци“ во Сараево во организација на Транспаренси Интернешнл од Босна и Херцеговина.

На Работилницата учествуваа претставници на институциите од Србија, Хрватска и од Босна и Херцеговина, а претставникот од Комисијата зема активно учество во работата на вториот Панел: „Регионалната пракса и искуства“.

Главната цел беше размена на искуства со примери за состојбата во областа на пристапот до информации од јавен каркатер во регионот. Беше дискутирано за пристапот до информациите од јавен карактер во земјите

учеснички на Конференцијата, улогата и значењето на специјализираните институции (Комисија, Повереник) за заштитата на ова право и како да се обезбеди транспарентност во работата на тие институции.

8.3.3.Заедничката рамка за оценка ЦАФ (Common Assessment Framework - CAF)

Во Комисијата токму на самиот почеток од 2016 година започна имплементацијата на ЦАФ моделот преку спроведување на ЦАФ мерките. Во календарскиот период од вкупно предвидени 32 ЦАФ мерки, за 20 ЦАФ мерки беа изготвени Акциски планови. Истите се реализирани и врз повеќето од нив е спроведен мониторинг и е изготвен контролен извештај за нивниот статус на спроведливост и ефект.

Комисијата продолжува со спроведувањето на ЦАФ мерките и во наредниот период, се со цел подобрување на своите перформанси и внатрешно работење, а со тоа и надворешно делување.

9. АДМИНИСТРАЦИЈА, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И БУЏЕТ

9.1. Администрација

Управните, стручните и другите административно–технички работи, согласно Законот, ги врши Секретаријатот на Комисијата. Според Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Комисијата, формирани се два сектора: Сектор за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Сектор за соработка со имателите на информациите, информирање на јавноста и меѓународната соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Секторите имат по две одделенија. Надвор од секторите постои Одделение за финансиски прашања.

Според наведените правилници, систематизирани се дваесет и девет (29) работни места, од кои пополнети се дваесет (20) работни места. Од нив седумнаесет (17) се со високо образование, а три (3) се со средно образование. Квалификациона структура на вработените со високо образование е следна: седум (7) се дипломирани правници, четири (4) се со Филолошки факултет, еден (1) е дипломиран новинар, еден (1) е со Филозофски факултет, двајца (2) се дипломирани економисти, еден (1) е дипломиран менаџер по маркетинг и еден (1) е дипломиран менаџер за

управување со човечки ресурси. Со средно образование еден (1) е со угостителска - туристичка струка и двајца (2) се со средна трговска струка.

Од вкупниот број вработени, осум (8) се од македонска национална припадност, шест (6) се од албанска национална припадност, четири (4) се од влашка национална припадност и двајца (2) се од ромска национална припадност.

Од вкупниот број на вработени, двајца вработени работат со скратено работно време.

Процент на вкупниот број на вработените по национална припадност во Секретаријатот на Комисијата:

	Систематизирани работни места	Пополнети работни места	Процент од вкупен број на вработени	Високо образование	Средно образование
Македонци		8	40%	7	1
Албанци		6	30%	6	
Власи		4	20%	4	
Роми		2	10%		2
Вкупно	29	20	100%	17	3

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата е составена од претседател, негов заменик и три члена.

Во периодот од 1-ви јануари до 22-ри февруари 2016 година, Комисијата работеше и одлучуваше во состав: претседател, негов заменик и два члена.

Во периодот од 23 февруари до 31 декември 2016 година, Комисијата работеше и одлучуваше во состав: претседател, негов заменик и еден член (со исклучок на периодот од 17 март до 4 април, кога во Комисијата немаше избрано претседател).

Процент од вкупниот број на членовите на Комисијата по национална припадност од 1-ви јануари до 22 февруари 2016 година.

		Пополнети работни места	Процент од вкупен број	Високо образование
Македонци	3	3	75%	3
Албанци	1	1	25%	1
Вкупно	4	4	100%	4

Процент од вкупниот број на членовите на Комисијата по национална припадност од 23 февруари до 31 декември 2016 година (со исклучок на периодот од 17 март до 4 април, кога во Комисијата немаше избрано претседател).

		Пополнети работни места	Процент од вкупен број	Високо образование
Македонци	2	2	66,7%	2
Албанци	1	1	33,3%	1
Вкупно	3	3	100%	3


Комисија
Одделение за финансиски прашања
Генерален секретар
Секретаријат на Комисијата
Сектор за спроведување на постапка по жалби,правни,едукативни,аналитички и општи работи
Сектор за соработка со имателите на информации,информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер
Одделение за спроведување на постапка по жалби,правни и општи работи
Одделение за аналитика и едукација на барателите и имателите на информации од јавен карактер
Одделение за соработка со имати на информации и информирање на јавноста
Одделение за меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер

Органограм

9.2. Буџет

Комисијата, како буџетски корисник, средствата за работа единствено ги обезбедува од Буџетот на Република Македонија (сметка на Основен буџет – 193026020863713). Сите средства беа испланирани и извршени во согласност со надлежностите, правата и овластувањата на Комисијата со цел нивно законско, ефикасно и економично искористување.

- Одобрен буџет за 2016 година – 15.106.000,00 денари
- Ребаланс за 2016 година – 16.106.000,00 денари
- Вкупно расходи (реализација) за 2016 година – 14.165.097,00 денари

	Буџет 2016	**Ребаланс 2016**
401- Основни плати	8.257.000,00	8.973.000,00
402- Придонеси за социјално осигурување	3.029.000,00	3.313.000,00
420- Патни и дневни расходи	100.000,00	100.000,00
421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	2.974.000,00	2.379.000,00
423- Материјали и ситен инвентар	120.000,00	120.000,00
424- Поправки и тековно одржување	200.000,00	200.000,00
425- Договорни услуги	260.000,00	260.000,00
426- Други тековни расходи	100.000,00	100.000,00
464- Разни трансфери	0,00	595.000,00
480- Купување на опрема и машини	66.000,00	66.000,00
Вкупно	**15.106.000,00**	**16.106.000,00**

Во рамките на одобрениот буџет за 2016 година, расходите се реализирани според потребите, а во согласност со ставките одобрени со буџетот.

Во текот на 2016 година, е реализирана исплата на средства по извршна исправа во износ од 855.539,00 денари, врз основа на правосилна и извршна Пресуда. Пресудата е донесена врз основа на тужбено барање за патни трошоци за поранешен член на Комисијата и актуелен заменик претседател на Комисијата.

Комисијата 2016-та година ја заврши со неподмирени обврски во износ од 827.180,00 денари по основ на патни расходи.

Табеларно и графички е прикажана реализацијата по ставки, односно направените расходи за 2016 година.

Реализација на буџет по ставки	**Износ**
401- Основни плати	8.053.828,00
402- Придонеси за социјално осигурување	2.977.844,00
420- Патни и дневни расходи	53.440,00
421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.517.551,00
423- Материјали и ситен инвентар	119.980,00
424- Поправки и тековно одржување	191.959,00
425- Договорни услуги	256.467,00
426- Други тековни расходи	73.674,00
465- Исплата по извршни исправи	855.539,00
480- Купување на опрема и машини	64.815,00
Вкупно расходи	**14.165.097,00**

Графикон 11: Процент на реализација на буџет по ставки